# ТОСКАНА

# Фиренца – Сиена - Сан Џимињано – Пиза - Болоња

Авион / 4 дена / 3 ноќевања



**06.03 (петок) СКОПЈЕ – БОЛОЊА - ФИРЕНЦА**

Состанок на група на аеродромот во Скопје во 17.00 часот. Авионот за Болоња на Визер полетува во 18.55 часот. Слетување во Болоња во 20.45 часот. Трансфер до Фиренца и сместување во хотел. Ноќевање.

**07.03 (сабота) ФИРЕНЦА - ПИЗА**

Појадок. Разглед на градот со водич: плоштадот Санта Марија Новела, Базиликата Сан Лоренцо, дворецот Медичи-Рикарди, Катедралата Дуомо - вистинско ремек дело на ренесансната архитектура и главна туристичка атракција на Тоскана, Плоштадот Сињорија, палатата Пити, Понте Векио најстариот сочуван средновековен мост на реката Арно-покриен и распослан со златарници и продавници за сувенири... Слободно време за посета на Галеријата Уфици, една од најголемите и најстарите во светот, која содржи голем број бесценети ликовни дела од ренесансата и други периоди, посета на трговскиот центар Mercato Centrale или пак да седнете на ручек во ресторан на некој плоштад, да пробате традиционален Фирентонски стек и да се засладите со десертно вино во кое ќе натопувате cantuccini- класични тоскански колачи со бадеми. Факултативен излет до Пиза, дом на познатиот математичар и физичар Галилео Галилеј. Најголемата атракција во Пиза е секако полето на чудата каде се наоѓаат: катедралата (Cattedrale di Pisa), гробиштата на Светците (Campo Santo) и кривата кула од Пиза (Torre di Pisa) висока 56 метри - всушност камбанаријата на катедралата, која иако било планирано да стои вертикално, поради лошите темели и слабата почва, се накривила. Со својата светски прочуена накривеност, кулата привлекува стотици илјади туристи годишно. Ноќевање.

**08.03 (недела) ФИРЕНЦА–СИЕНА-САН ЏИМИЊАНО– ВИНАРИЈА**

Појадок. Целодневен излет во живописните предели на областа Кјанти, светски познати по производството на врвни вина. Пристигнување во Сиена. Главна карактеристика на градот е нејзиниот средновековен изглед, што ја прави магична и посебна, горд сопственик на еден од најубавите европски средновековни плоштади Ил Кампо, направен во облик на школка, а опкружен со палати на богати семејства од Сиена (palazzi signorili). Во целиот свет познат по својата уникатна архитектура и

традиција за најголемата забава со луди коњски трки Палио, која се одржува два пати годишно. Разглед на градот: Катедралата Сиена, Палатата Публико, кулата Мангија... Патувањето продолжува кон Сан Џимињано, типично тосканско гратче опкружено со винови насади и маслинови градини. Градот е познат и по белото вино Vernaccia di San Gimignano, кое се добива само од винови лози кои растат во околината и најдобриот сладолед во светот што можете да го најдете во Gelateria Dondoli. Потоа, посета на винарија - дегустација на вина, закуски и можност да се купи маслиново масло и вино по пристапна цена. Враќање во Фиренца. Ноќевање.

**09.03 (понеделник) ФИРЕНЦА –БОЛОЊА - СКОПЈЕ**

Појадок. Прошетка во главниот град и срцето на регионот Тоскана – Фиренца, еден од најпосетените градови во светот кој за италијаните, но и за целиот западен свет има огромно историско, културно, образовно и уметничко значење. Овој град се смета и за колевка на ренесансата, во него живееле и создавале многу уметници од XV и XVI век: Брунолески, Ботичели, Рафаел, Леонардо, Микеланџело... Трансфер до Болоња. Во Италија се вели дека Болоња е „la dotta, la rossa e la grassa", што би значело „црвена, учена и дебела". "Црвена" поради бојата на циглите на зградите и улиците, "учена" односно образована, во чест на нејзиниот универзитет прв во Европа и "дебела" поради неодоливите гастрономски производи. Прошетка во градот: плоштадот Маџоре, Катедралата Св. Петар најпознатата и најграндиозна црква во Болоња, фонтаната на Нептун, двете кули Garisenda и Asinelli кои претставуваат симбол на градот...

Трансфер до аеродромот во Болоња. Летот кон Скопје е во 21.20 часот. Пристигнување во 23.05 часот.

**Цена за рана уплата до 31.01 :**

**Arcadia GuestHouse 449 € / 27.840 мкд**

**Хотел Arcadia 3***
**479 € / 29.700 мкд**

**ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ:**

**Arcadia GuestHouse 499 € / 30.940 мкд**

**Хотел Arcadia 3* 529 € / 32.800 мкд**

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ Е ВКЛУЧЕНО:**

Авионски превоз на релација Скопје-Болоња-Скопје
Организиран трансфер аеродром-хотел-аеродром

Сместување во хотел Arcadia 3* и Arcadia GuestHouse во центарот на Фиренца на база 3 ноќевања со појадок. Хотелските соби и GuestHouse собите се во истиот објект но на различен кат и го користат истиот ресторан за појадок. GuestHouse собите се поедноставно опремени. www.hotelarcadiaflorence.com
Рачен багаж (1 торба до 10 кг. со димензии 40x30x20см)
Посета на Болоња
Организација на аранжманот и придружник на патувањето

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ Е ВКЛУЧЕНО:**

Доплата за чекиран багаж - куфер до 10кг / чекиран багаж - куфер до 20кг *( цената е променлива, инфо во агенција 7 дена пред терминот на поаѓање)
Посета на Сиена, Сан Џимињано, **винарија “Fattoria Poggio Alloro” (дегустација на 4 сортни вина во комбинација со италијанско мезе)** 105 евра
Разглед на Фиренца со локален водич 20 евра
Посета на Пиза 45 евра
Туристичка такса (се плаќа на рецепција во хотел)
Влезници во локалитетите, карти за локален превоз
Патничко – здравствено осигурување
Доплата за еднокреветна соба 4.900 мкд

**Напомена:**

Цените се по лице за сместување во двокреветни или трокреветни соби. Дете од 2 до 3 год. добива попуст од 130 евра евра. Дете од 3 до 12 год. на дополнително легло добива попуст од 60 евра.

**Напомени:**

За реализација на аранжманот потребен е минимум од 20 патници.
За резервација задолжителна уплата на аванс од 30% од вкупниот износ на аранжманот.
Целосна доплата на аражманот е 10 дена пред поаѓање. Усни и телефонски резервации се невалидни.
Плаќањето е исклучиво во денарска против вредност по курс 1 евро = 62,00 денари.

За реализација на факултативните излети потребен е минимум од 15 патници.
При резервација задолжително е изјаснување/пријавување кои од понудените факултативи ќе ги користи патникот како би можела агенцијата навремено да ги организира истите.
Агенцијата го задржува правото на промена на редоследот на програмата во случај на непредвидени објективни причини, како на пример застој на граница, доцнење на летот, застој во сообраќајот, затвореност на некој од локалитети предвидени за посета ...
Организаторот на патувањето го задржува правото по пат на ultra first или last minute понуда да ги објави и продаде слободните места по цени кои се разликуваат од оние кои се веќе објавени. Лицата кои го уплатиле аранжманот по редовен ценовник, немаат право на надомест на средства за разлика во цена.
Агенцијата го задржува правото на отказ на аранжманот 7 дена пред поаѓање доколку не е исполнет бројот на пријавени лица предвидени по програмата.
Патникот има обврска пред поаѓање 24 часа да ја контактира агенцијата за потврда на точното време и место на поаѓање.
Патната исправа треба да е валидна минимум 3 месеци

по завршувањето на аранжманот. Валидноста на патните исправи се обврска на патниците, при уплата на резервација должни се истите да ги приложат во агенцијата за проверка.